МЦМС учествуваше на годишната средба на граѓански организации од [Задницата на демократии](#) која се одржа на 31 јули и 1 август оваа година во Панама. Организатор на средбата беше [Редлад – мрежа за демократија од Латинска Америка и Карибите](#), Секретаријат на Столбот на граѓанското општество при Заедницата на демократии.




Во текот на дводневниот настан, граѓанските организации дискутираа за следниот стратешки план на Заедницата на демократии и дадоа предлози за јакнење на Столбот на граѓанското општество, за процесот на обновување на членство во коалицијата, за работата на работните групи и останатите тела во Платформата. Учесниците споделија и добри иновативни практики за подобрување на демократијата, владеењето на правото и зголемувањето на граѓанскиот простор (civic space).

За време на конференцијата која се одржа на 1 август во Министерството за надворешни работи на Панама, на учесниците им се обрати и Министерката за надворешни работи на земјата, Јанаина Тевајне Менком. Таа ја истакна владината

заложба за поддршка на граѓанското општество во државата и напорите Панама да стане официјална членка на Заедницата на демократии. Конференцијата се фокусираше на трендовите во демократијата во Азија, Африка, Латинска Америка и Европа и можностите за поактивно делување на Заедницата на демократии.

„Влошувањето на демократијата е видливо во неколку земји од Источна Европа, како што се Унгарија и Полска кои се дел од Заедницата на демократии. Затоа во планот за работа на Заедницата на демократии треба да се планираат активности за обезбедување поддршка на граѓанските организации од овие земји" – истакна Валентина Величковска од МЦМС во своето излагање за предизвиците и трендовите во демократијата во Источна Европа и Западен Балкан.

Минатата година МЦМС беше избрана за централна точка (focal point) од Македонија во Столбот на граѓанското општество на оваа глобална меѓувладина коалиција на демократски држави и платформа за дијалог и дискусија.


Macedonian Centre for International
Cooperation
Macedonia
COD CIVIL SOCIETY
PILLAR MEETING
COD CIVIL SOCIETY
PILLAR MEETING
VALENTINA
VELICHKOVSKA
Macedonia
REDLAD
Civil Society Pillar
Community of Democracies
Civil Society Pillar
Community of Democracies
REDLAD
AGENDA – 31 JULY-AUGUST 1 2023 – V4
ANNUAL MEETING
CIVIL SOCIETY PILLAR OF THE COMMUNITY OF DEMOCRACIES
JULY 31st – AUGUST 1st 2023 - PANAMA CITY, PANAMA